*Radioklub Slovenj Gradec*
*S59DCD – S53Q*
*Celjska cesta 21, p.p. 27*
*2380 Slovenj Gradec*
*Slovenija*
*Splet:www.s59dcd.si  Email:info@s59dcd.si*



V / Na: Slovenj Gradcu

Dne: 11. december 2008

**Предмет: Покана за учество на нов натпревар**

Драги колеги радиоаматери,

Членовите на радиоклубот Словењ Градец - S59DCD (поранешна YU3DCD) со големо задоволство ви го претставуваме и воедно ве покануваме на нашето ново светско првенство за HF. Посветено е на возвишената идеја на меѓународното здружение на градовите гласници на мирот што е формирано во рамките на организацијата на Обединетите нации.

Во продолжение се наоѓа кратко претставување на нашиот клуб, претставување на IAPMC и објаснување на идејата на натпреварот на PMC. Од сè срце се надеваме дека идејата ќе ви биде интересна и ќе ве убеди да ги земете микрофоните и тастерите во раце и да ни се придружите на band.

Учтиво ве молиме за помош при ширењето на веста за нашиот нов натпревар помеѓу радиоаматерите во вашиот регион и вашата држава, со тоа што ќе го објавите овој напис на кој било можен начин (во печатени медиуми, на интернет страни, по форуми и сл.). Се надеваме дека ќе се сретнеме во што поголем број.

Ќе ни биде задоволство да се сретнеме со вас и вашите колеги радиоаматери на натпреварот на PMC.

Со почит

Управен одбор на Радиоклуб
Словењ Градец S59DCD

*Matična številka: 5202949*  *Transakcijski račun odprt pri Probanki: 25100-9709023195*  *Davčna številka: SI 66083117*



# За нас

Радиоклубот Словењ Градец со ознака S59DCD (поранешна YU3DCD) е оформен 1974 година. За долгогодишната и богата историја на клубот може да пишуваме во недоглед, но тоа не е целта. Овој пат сакаме на кратко и суштински да ви го претставиме проектот што го започнавме ние членовите на клубот Словењ Градец.

Идејата се роди пред некое време и по скоро една година напорна работа дојде време да ја претставиме на пошироката јавност. Станува збор за сосема нов радиоаматерски натпревар од светски карактер под името PMC contest (PMC натпревар). Натпреварот се заснова на идеја што е промовирана од светското здружение IAPMC.

# Што е IAPMC?

IAPMC е кратенка за International Association of Peace Messenger Cities, што во превод значи Меѓународно здружение на градови гласници на мирот. Ова движење, под покровителство на Организацијата на Обединетите нации, започна во 1986, година што беше прогласена за година на мирот. Во таа година ги избраа првите 62 градови, од вкупно 1000, од целиот свет. Меѓународното здружение на градовите гласници на мирот е формирано 1988 година и има програма во согласност со статутот на здруженијата и критериумите за членство. Претставниците на градовите што се зачленети во здружението имаат средби двапати годишно за да разменат програми, идеи и искуства од градовите ширум светот.

Идејата на градовите гласници на мирот е да се промовира слика за помалку насилен и похуман свет во којшто владеат трпеливоста и меѓусебното почитување, со што се исполнети барањата за подобро разбирање на мирот на основа на праведноста и човечките права.

Повеќе информации за здружението може да добиете на интернет енциклопедија **Википедија** или на интернет страната на здружението **IAPMC**.

## Објаснување на симболиката:

Пред неколку години, за свој заштитен знак го зедовме исечокот од параболична антена со дијаметар 6,2 м што е во целост сопствена домашна изработка. Постојат две причини за тоа. Првата е тоа што сме пионери во активностите на EME на домашен простор на 23 см и 13 см, и втората е за големиот труд и настојување што беа вложени во изградбата на антената.

Белите гулаби ширум сиот свет се познати како симбол на мирот, а исто така се употребени и како симбол во меѓународното здружение на градовите гласници на мирот во рамките на организацијата на Обединетите нации.

Ги здруживме исечокот на параболичната антена, како наш заштитен знак, со белите гулаби што се симбол на мирот - 6 бели гулаби, по еден за секој HF band каде што ќе се случува натпреварот што ви го најавуваме.

## Идеја за натпреварот на PMC

Идејата за натпреварот на PMC – меѓународниот натпревар на градовите гласници на мирот – се роди пред некое време. Идејата потекнува и од активноста на клубот во минатото кога голем број на активности беа посветени, односно наменети, на активностите на организацијата на Обединетите нации, како што се:

Активностите за четириесет годишнината на организацијата на Обединетите нации во 1985 година што беше именувана »We for peace« („Ние за мирот“). По тој повод беа активирани посебни ознаки 4N3OZN и YT0UN. Исто така личните оператери добија посебни ознаки со префикс 4N3. Беше издадена и посебна меѓународна диплома со истото име We for peace („Ние за мирот“).

Следеа активности за педесет годишнината на организацијата на Обединетите нации во 1990 година што беше именувана »To be« („Да се биде“). И по тој повод беа активирани посебни ознаки 4N9UN и YT0UN. Исто така личните оператери добија посебни ознаки. Беше издадена и посебна меѓународна диплома со истото име To be („Да се биде“).

При секоја од наведените активности беа забележани помеѓу 30000 и 35000 воспоставени врски со станици што делуваа со веќе ограничени посебни повремени ознаки.

Освен тоа, нашиот град Словењ Градец уште од раните зачетоци на здружението на градовите гласници на мирот, од 1989 година па до денес, се носи со тоа престижно име и од самиот почеток има активна и значајна улога во здружението. Наша чест и гордост е тоа што градоначалникот, г. Матјаж Заношкар, е генерален секретар на меѓународното здружение на градовите гласници на мирот.

Сето ова, а пред сè возвишената идеја на светското здружение на градовите гласници на мирот што беше формирана во рамките на организацијата на Обединетите нации, беше инспирација за нас да организираме натпревар од овој вид. Бидејќи станува збор за исклучителен проект, од аспект на организација, му посветивме многу време за подготовка.

Со помош на систематични и усогласени подготовки, нашата идеја созреа и се разви до границите на нејзино остварување. Членовите на радиоклубот Словењ Градец со гордост го најавуваме меѓународниот натпревар HF на градовите гласници на мирот World Wide Peace Messenger City contest или скратено PMC contest.

Натпреварот ќе се случува во првиот полн викенд во февруари. Повеќе за текот на натпреварот и правилата може да најдете на нашата интернет страна во рубриката **Pravila tekmovanja** (Правила на натпреварот).

## Поддршка:

За изведување на натпреварот со целата потребна поддршка добивме програмер кој во наше име се обрати на Томас Ф. Вагнер (Thomas F. Wagner) - N1MM, авторот на распространетата и омилена програма за водење на дневници. Со тоа нашиот натпревар е додаден на листата натпревари во N1MM што може да ги најдете на **http://pages.cthome.net/n1mm/**

Неодамна добивме поддршка и од Дмитриј Гулиаев (Dmitriy Gulyaev), автор на многу позната програма за водење на дневникот TR4W, што може да го најдете на: **http://tr4w.qrz.ru/**

Целосна поддршка на натпреварот обезбеди и Пол О'Кејн (Paul O'Kane) во својот SD loger, што исто така е раширена програма за водење дневник. Можете да го најдете на: **http://www.ei5di.com/**

### ЗАБЕЛЕШКА:

Развојната фаза на програмата за водење на дневник е завршена и во моментов е во фаза на тестирање. Кога ќе завршат последните тестови, програмата ќе биде објавена на страната на авторот од каде што е можно бесплатно да се преземе и инсталира на компјутер.

### База на ознаки за PMC:

Базата на ознаки од три букви за градовите гласници на мирот е дел од програмата за водење на дневници. За настанатите промени, со примањето на нови членови во здружението на градови гласници на мирот, соодветно ќе се ажурира програмската база, и за сите промени, односно поправки, ќе ве известиме преку нашата интернет страна. Листата на ознаки за PMC може да ја погледнете во рубриката **PMC lista oznak** (листа на ознаки за PMC).

## Резултати:

Дневниците од натпреварите ќе ги примаме во електронска форма – cabrillo формат – на електронска пошта **pmc@s59dcd.si** во рок од 30 дена по завршениот натпревар, а резултатите по прегледот и обработката на примените дневници ќе бидат објавени на нашата интернет страна.